РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1851/2
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница, одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1851/1 од 27.04.2026 година, со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени корупттивни дејствија од страна на судии во Основниот ---------- и ------------- суд ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-1851/1 од 27.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 27.04.2026 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет  број 12-1851/1 од 27.04.2026 година. Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени корупттивни дејствија од страна на судии во Основниот ----------- и ------------- суд --------- заради процесни и материјални пропусти во постапувањето кои довеле до нецелосно утврдување на фактичката состојба и повреда на начелата на правично судење во спроведени судски процеси водени во предмет број ПЛ1 ТС ------/-- ОД 06.06.2024 година пред Основниот --------------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

суд --------- и предмет со број ТСЖ.--/-- од 04.03.2026 година пред ---------- суд -----------------.

Кон пријавата доставен е и прилог односно копија на судска пресуда на -------------------- суд ----------- со број ТСЖ.--/-- која е донесена на 04.03.2026 година, врз снова на поднесена жалба изјавена преку бранителот ---------- ------------, адвокат од ----------------- со која ја обжалуваат пресудата на Основниот -------------- суд --------- заради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право и поради одлуката за трошоците на постапката, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно одлучување.

Во предметниот случај ------------- суд донел пресуда дека жалбениот навод е неоснован дека првостепениот суд неправилно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба. Подносителот е незадоволен од постапувањето на судиите кои учествувале во наведените судски предмети, па од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува па оттаму предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до:
Подносителот на пријавата